ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТА-
Универзитетска клиника за
уво, нос и грло - Скопје
Бр. 03-592/2
31.08 2023 год.
Скопје

ЈЗУ Универзитетска Клиника за уво,нос и грло
Скопје

СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

Ул.Водњанска бр.17, 1000 Скопје, Р.С.Македонија
тел. 02/3214-136 e-mail: orlklinika@yahoo.com

**До**
**Здружение на матични лекари на**
**Р.С.Македонија**

**Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ-Скрининг на слух кај новороденчиња**

Во текот на 2020-2022 година од страна на ЈЗУ УК за уво,нос и грло Скопје, во соработка со родилиштата на територија на Р.С.М., имплементиран е проектот “Скрининг на слух кај новороденчињата“.

Скринингот на слух кај новороденчињата се спроведува во родилиштата во државата. Во случај на неможност за реализација на скринингот или доколку не се добиваат задоволителни резултати на едното или двете уши (не поминува), новороденчињата се упатуваат во Одделот за аудиологија при ЈЗУ УК за уво,нос и грло Скопје за контролен скрининг и понатаможни иследувања.

До сега новороденчињата беа упатувани од родилиштата без предходно закажан термин за скрининг, при што постои неорганизираност и во голем дел случаи слободниот термин за преглед го чекаат во чекалната со останатите пациенти.

Со цел подобра организација и евиденција во спроведување на скринингот на слух кај новороденчињата, во апликацијата “МОЈ ТЕРМИН“ е креирана амбулата “Скрининг на слух кај новороденчиња од 0 до 6-месечна возраст“.

Сите новороденчиња за скриниг на слух задолжително да се упатуваат со закажување на термин преку Мој Термин, во амбулатата“Скрининг на слух кај новороденчиња од 0 до 6-месечна возраст“ во рамките на ЈЗУ УК за уво,нос и грло Скопје.

Истовремено Ви напоменуваме дека оваа возраст е идеална со цел навремено откривање на аудитивните аномалии и нивно навремено превенирање и лекување.

За сите дополнители информации слободно контактирајте не.

Лице за контакт Силвана Манолчева 070-387-062.

Со надеж за успешна соработка срдечно Ве поздравуваме.

Со почит,

ЈЗУ Универзитетска Клиника за уво,нос и грло
Скопје